**Рокови**

**Рокови за прием на стока и документи за испорака на Меѓународен Аеродром Скопје**

Следново се однесува на лесно карго транспортирано со патнички воздухоплов, карго воздухоплов и камион (RFS или CMR):

| | | *Време на испорака пред заминување.* |
|---|---|---|
| Прием на карго/стока | Општо карго што може да се транспортира | до 180 мин. |
| Испорака на карго манифест | Резервираме/Регистрираме карго со комплетна документација зависно од достапниот капацитет на рутата | 120 мин. |
| ANNEX испорака | До 1 тон карго и карго манифест на 2 товарни листа (AWBs) | 90 мин. |
| LMC испорака на карго манифест | Само одредени типови стока: VAL, PERI, AVI, LHO, PRESS (до 200 kg стока и 2 AWBs) и пошта до 200 kg | 90 мин. |

За поголеми количини стока за транспорт во патнички воздухоплов или карго воздухоплов, потребно да се направи претходна резервација/договор со транспортната агенција, бидејќи информациите наведени тука не се однесуваат за такви случаи.

**Испраќање пратки**
**Процедури за подготовка на стока за испраќање**
Начинот на кој вашето карго патува и условите во кои стигнува до дестинацијата, во најголема мера зависат од испраќачот. Целиот процес на подготовка на товарот за пратката започнува откако ќе се прими налогот. Вашата одлука за типот на транспорт е базирана врз барањата на примачот на пратката во однос на количината, итноста и трошоците за транспорт. Потоа, мора да сте сигурни дека токата е соодветно и правилно спакувана и обележана.
Кога стоката е подготвена за испорака/испраќање, мора да ја контактирате шпедитерската компанија и да резервирате простор за транспорт за целото патување на каргото. Шпедитерската компанија ќе побара детални информации за стоката што ја испраќате. По потврдување на резервацијата, потребно е да ги подготвите сите потребни документи за испорака. Ова вклучува диспозиција за извоз, фактура, формулар за ослободување, дозвола за извоз (ако е потребна) и декларација на испраќачот за авионски пратки на специјални типови стока. Декларацијата опфаќа информации за испраќачот, примателот, број на товарен лист AWB, аеродром од каде се испраќа пратката, како и аеродром каде треба да пристигне пратката, стоката, метод на плаќање, услови на плаќање, време на испорака, осигурување и царинење. Ако шпедитерската компанија не го направи тоа за вас, вие ќе мора да ја доставите пратката до аеродромот. Откако пратката ќе биде испратена, се препорачува сите информации во врска со пратката да се испратат до примателот на пратката, со цел истиот да може да ја подготви потребната документација за прием пред пратката да пристигне на крајната дестинација.

Имајте предвид дека испораката на стока е комплексна работа. Препорачуваме да се консултирате со шпедитерска компанија пред испорака на каков било товар, за да добиете информација за посебни услови и барања или поволности кои ги нудат авиокомпаниите.

**Прием на пратки (увоз)**

- По известување за прием на пратка, откупете го AWB или контактирајте ја шпедитерската агенција за започнување на царинските процедури.
- Следно, завршете ги сите царински процедури. За двете услуги, можете да овластите некоја од шпедитерските компании која што работи на Меѓународен Аеродром Скопје.
- По плаќање на надоместокот за складирање, пратката ќе биде издадена до вашето возило пред магацин.
- Приемот на издадената стока се потврдува со потпишување на налогот за издавање на пратка.

**Забелешка:**
Ако во рок од 20 дена (расиплива стока – 3 дена) царинската процедура не е започната, царинските власти ќе ја уништат пратката и сите трошоци поврзани со истата ќе бидат на товар на превозникот/испраќачот, освен ако не е дадена друга информација.

**Посебни типови стока**
Посебни типови стока се сметаат пратките за кои е потребен посебен прием, складирање, товарање и транспорт поради нивната **природа** (опасни материјали, живи животни, расиплива стока, посмртни останки, и др.), **вредност** (вредносни пратки, пратки со голема вредност), **димензии и тежина** (габаритни/тешки), или **национални регулативи** (оружје, муниција, и др.).

Посебни процедури се спроведуваат заради заштита на:
Превозници
Лица кои ракуваат со стоката
Другите пратки
Самата пратка.

Карго Центарот на Меѓународен Аеродром Скопје нуди прием, складирање и испраќање на сите типови стока во согласност со применливите регулативи на IATA и TACT правилата. Посебни услови и барања се применуваат за пакувањата, обележувањето/налепниците и складирањето на таквите стои, па затоа ве советуваме, пред испраќање на таква стока, да го контактирате и да се консултирате со Карго Центарот на следниве телефонски броеви: +389 2 3148 636, +389 2 3148 627, е-пошта: dino.nikolovski@tav.aero или пак да ја контактирате и да се консултирате со вашата шпедитерска компанија.